# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 117 Год. LXII Понеделник, 13 ноември 2006 Цена на овој број е 220 денари**

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2034. | **Указ** за поставување на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Казахстан........ | 2 |
| 2035. | **Указ** за поставување на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Азербејџан...... | 2 |
| 2036. | **Одлука** за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација......... | 2 |
| 2037. | **Одлука** за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.................................... | 2 |
| 2038. | **Одлука** за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал .... | 7 |
| 2039. | **Одлука** за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.......... | 7 |
| 2040. | **Одлука** за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката ........... | 7 |
| 2041. | **Одлука** за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност. ............................. | 7 |
| 2042. | **Одлука** за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија ......................... | 8 |
| 2043. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија....................................... | 8 |
| 2044. | **Решение** за именување на членови и нивни заменици на Работната група за децентрализација......................................... | 9 |
| 2045. | **Правилник** за образецот и начинот на издавањето на легитимацијата на овластените службени лица на Министерството за одбрана........................... | 9 |
| 2046. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 11 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-52 |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2034.**

Врз основа на член 84 алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА КАЗАХСТАН

I

Г-ѓа Мелпомени Корнети, се поставува за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Казахстан, со седиште во Анкара.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 39
9 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**2035.**

Врз основа на член 84 алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА АЗЕРБЕЈЏАН

I

Г-ѓа Мелпомени Корнети, се поставува за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Азербејџан, со седиште во Анкара.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 40
9 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2036.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, член 227 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 3 од Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, („Службен весник на Република Македонија" број 88/2004 година), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНИОТ КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

1. Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација се избираат:

а) за претседател
Александар Спасеновски.

б) за потпретседатели:
Иван Анастасовски и
Теута Арифи.

в) за членови:
Силвана Бонева,
Фијат Цаноски,
Шабан Салиу,
Владанка Авировиќ,
Веле Митановски,
Валентина Божиновска,
Елмазе Селмани,
Гарип Каба,
Радмила Шекеринска,
Андреј Жерновски,
Неждет Мустафа и
Блерим Беџети.

г) за заменици членови:
Анита Кипаризовска Крстеска,
Лилјана Поповска,
Надица Танчева Тулиева,
Зоран Витанов,
Анета Стефановска,
Данаил Дончев,
Ружди Матоши,
Фљора Кадри,
Тале Герамитчиоски,
Мери Младеновска Ѓорѓиевска,
Зумрете Јакупи и
Ајше Селмани.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4089/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**2037.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 17 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 85/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА БИЛАТЕРАЛНА ПАРЛАМЕНТАРНА СОРАБОТКА

Член 1

Со оваа одлука се основаат пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Член 2

Пратеничките групи се основаат заради воспоставување и развивање на билатералната парламентарна соработка на Република Македонија со други парламенти, како и за размена на искуства од парламентарната работа по сите прашања од заеднички интерес на државите.

Член 3

Пратеничките групи ги сочинуваат претседател и најмалку осум членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, и тоа за:

1. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија

а) претседател
Гарип Каба
б) членови:
Павле Трајанов,
Силвана Бонева,
Мирјана Секуловска,
Рафис Алити,
Хади Незири,
Верица Филипова и
Игор Ивановски.

2. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија

а) претседател
Фазли Велиу
б) членови:
Ружа Ѓоргевска,
Панче Дамевски,
Катерина Димеска,
Ружди Матоши,
Владо Бучковски и
Тале Герамитчиоски.

3. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија

а) претседател
Лилјана Поповска
б) членови:
Цветко Грозданов,
Нада Станчевска,
Бесим Догани,
Зумрете Јакупи,
Игор Ивановски и
Кире Гештаковски.

4. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Белгија

а) претседател
Азиз Положани
б) членови:
Гоце Марковски,
Веле Ѓоргиевски,
Светлана Јакимовска,
Насер Ајдини,
Неждет Мустафа и
Благородна Цветковска.

5. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина

а) претседател
Есад Рахиќ
б) членови:
Стојче Крстевски,
Александар Спасеновски,
Ружди Матоши,
Ајше Селмани,
Хади Незири и
Слободан Најдовски.

6. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија

а) претседател
Стојан Андов
б) членови:
Љубисав Иванов Ѕинго,
Ристо Стојанов,
Горан Мисовски,
Весна Јаневска,
Ружди Матоши,
Џеват Адеми,
Владо Бучковски и
Марјанчо Николов.

7. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток

а) претседател
Бесим Догани
б) членови:
Томе Даневски,
Оливер Дерковски,
Катерина Димеска,
Агрон Буџаку,
Ацо Киров и
Никола Рилковски.

8. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија

а) претседател
Владимир Ѓорчев
б) членови:
Виолета Ташева,
Мирјана Секуловска,
Ѓорѓи Оровчанец,
Гарип Каба,
Рафис Алити,
Неждет Мустафа,
Андреј Жерновски и
Влатко Серафимов.

9. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција

а) претседател
Јован Манасијевски
б) членови:
Илија Китановски,
Васко Шутаров,
Павле Трајанов,
Елмазе Селмани,
Аднан Јашари,
Весна Бендевска и
Никола Ќуркчиев.

10. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска

а) претседател
Фљора Кадри
б) членови:
Гоце Марковски,
Веле Ѓорѓиевски,
Виолета Ташева,
Садула Дураку,
Игор Ивановски и
Ристо Пенов.

11. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел

а) претседател
Славица Грковска
б) членови:
Јован Гинев,
Јаготка Ивановска,
Марјан Додовски,
Мендух Тачи,
Рафис Алити и
Лазар Китаноски.

12. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламска-та Република Иран

а) претседател
Садула Дураку
б) членови:
Миле Пачемски,
Јован Гинев,
Стојан Андов,
Бесим Догани,
Влатко Серафимов и
Ацо Киров.

13. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Ирска

а) претседател
Александар Николовски
б) членови:
Дарко Димитриевски,
Ружа Ѓорѓеска,
Даут Реџепи,
Фадил Сулејмани,
Весна Бендевска и
Лазар Китановски.

14. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Република Исланд и Кралството Норвешка

а) претседател
Јани Макрадули
б) членови:
Оливер Шамбевски,
Дарко Димитриевски,
Оливер Дерковски,
Гарип Каба,
Фазли Велиу и
Весна Бендевска.

15. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија

а) претседател
Фијат Цаноски
б) членови:
Оливер Шамбевски,
Благородна Дулиќ,
Иван Анастасовски,
Марјан Додовски,
Даут Реџепи,
Џеват Адеми,
Мери Младеновска Ѓорѓиевска и
Владо Бучковски.

16. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Царството Јапонија

а) претседател
Валентина Божиновска
б) членови:
Надица Танчева Тулиева,
Анета Стефановска,
Зоран Витанов,
Благој Зашов,
Ружди Матоши,
Фадил Сулејмани,
Верица Филипова и
Игор Ивановски.

17. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина

а) претседател
Веле Митановски
б) членови:
Ванчо Коцев,
Силвана Бонева,
Весна Јаневска,
Гарип Каба,
Рафис Алити и
Цветанка Иванова.

18. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада

а) претседател
Никола Поповски
б) членови:
Петар Поп Арсов,
Тито Петковски,
Валентина Божиновска,
Бесим Догани,
Фазли Велиу и
Славица Грковска.

19. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Големото Војводство Луксембург

а) претседател
Благој Зашов
б) членови:
Анета Стефановска,
Катерина Димеска,
Иван Анастасовски,
Хазбие Ибиши,
Аднан Јашари и
Весна Бендевска.

20. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Република Малта и Република Кипар

а) претседател
Павле Трајанов
б) членови:
Анита Кипаризовска Крстеска,
Горан Петров,
Ружди Матоши,
Азиз Положани,
Никола Ќуркчиев и
Благородна Цветковска.

21. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија

а) претседател
Ајше Селмани
б) членови:
Соња Ѓелова Стојанова,
Јаготка Ивановска,
Шабан Салиу,

Бесим Догани,
Ацо Киров и
Благородна Цветковска.

22. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

а) претседател
Весна Јаневска
б) членови:
Владимир Ѓорчев,
Миле Пачемски,
Фљора Кадриу,
Рафис Алити,
Борис Кондарко и
Марјанчо Николов.

23. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска

а) претседател
Роза Топузова Каревска
б) членови:
Александар Николовски,
Силвана Бонева,
Лилјана Поповска,
Елмазе Селмани,
Тахир Хани и
Благородна Цветковска.

24. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Португалија

а) претседател
Илија Китановски
б) членови:
Јаготка Ивановска,
Марјан Додовски,
Даут Реџепи,
Џеват Адеми,
Блерим Беџети и
Владо Бучковски.

25. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Романија

а) претседател
Анита Кипаризовска Крстеска
б) членови:
Благородна Дулиќ,
Шабан Салиу,
Ружди Матоши,
Фадил Сулејмани,
Јани Макрадули и
Борис Кондарко.

26. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација

а) претседател
Петар Поп Арсов
б) членови:
Владанка Авировиќ,
Веле Митановски,
Ѓорѓи Оровчанец,
Насер Ајдини,
Теута Арифи,
Иван Стоилковиќ,
Ацо Киров и
Цветанка Иванова.

27. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на САД

а) претседател
Ружди Матоши
б) членови:
Нада Станчевска,
Ристанка Лалчевска,
Данаил Дончев,
Силвана Бонева,
Рафис Алити,
Слободан Најдовски,
Јани Макрадули и
Владо Бучковски.

28. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Словачката Република

а) претседател
Владимир Ѓорчев
б) членови:
Томе Даневски,
Ванчо Коцев,
Гарип Каба,
Џеват Адеми,
Есад Рахиќ и
Оливер Спасовски.

29. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија

а) претседател
Тале Герамитчиоски
б) членови:
Ристанка Лалчевска,
Оливер Шамбевски,
Валентина Божиновска,
Мендух Тачи,
Тахир Хани и
Марјанчо Николов.

30. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Србија

а) претседател
Љубисав Иванов Ѕинго
б) членови:
Илија Китановски,
Јагнула Куновска,
Насер Ајдини,
Зумрете Јакупи,
Иван Стоилковиќ и
Лазар Китаноски.

31. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција

а) претседател
Ратко Димитровски
б) членови:
Трајко Вељаноски,
Надица Танчева Тулиева,
Фијат Цаноски,
Мендух Тачи,
Блерим Беџети,
Кенан Хасипи,
Оливер Спасевски и
Владо Бучковски.

32. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Црна Гора

а) претседател
Зоран Витанов
б) членови:
Зоран Петрески,
Ристо Стојанов,
Насер Ајдини,
Зумрете Јакупи,
Есад Рахиќ и
Цветанка Иванова.

33. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина

а) претседател
Сафет Незири
б) членови:
Зоран Петрески,
Цветко Грозданов,
Горан Мисовски,
Ружди Матоши,
Никола Рилковски и
Тале Герамитчиоски.

34. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Унгарија

а) претседател
Борис Кондарко
б) членови:
Цветко Грозданов,
Дарко Димитриевски,
Соња Ѓелова Стојанова,
Даут Реџепи,
Аднан Јашари и
Кире Гештаковски.

35. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Финска

а) претседател
Блерим Беџети
б) членови:
Соња Ѓелова Стојанова,
Анета Стефановска,
Горан Петров,
Елмазе Селмани,
Никола Поповски и
Влатко Серафимов.

36. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција

а) претседател
Никола Ќуркчиев
б) членови:
Александар Спасеноски,
Благој Зашов,
Тито Петковски,
Данаил Дончев,
Фљора Кадриу,
Џеват Адеми,
Кенан Хасипи и
Оливер Спасовски.

37. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Холандија

а) претседател
Илија Димоски
б) членови:
Трајко Вељаноски,
Марија Андоновска,
Хазби Ибиши,
Теута Арифи,
Никола Рилковски и
Никола Ќуркчиев.

38. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска

а) претседател
Трајко Вељаноски
б) членови:
Анита Кипаризовска Крстеска,
Ратко Димитровски,
Јагнула Куновска,
Мендух Тачи,
Џеват Адеми,
Роза Топузова Каревска,
Мери Младеновска Ѓорѓиевска и
Борис Кондарко.

39. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република

а) претседател
Оливер Спасовски
б) членови:
Илија Димовски,
Томе Даневски,
Зоран Петревски,
Ружди Матоши,
Агрон Буџаку и
Верица Филипова.

40. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Конфедерацијата Швајцарија

а) претседател
Васко Шутаров
б) членови:
Шабан Салиу,
Фијат Цаноски,
Гарип Каба,
Теута Арифи,
Мери Младеновска Ѓеорѓиевска и
Ацо Киров.

41. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Шведска

а) претседател
Агрон Буџаку
б) членови:
Марија Андоновска,
Стојче Крстевски,
Светлана Јакимовска,
Гарип Каба.
Никола Поповски и
Цветанка Иванова.

42. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Шпанија

а) претседател
Владанка Авировиќ
б) членови:
Панче Дамевски,
Оливер Дерковски,

Ѓорѓи Оровчанец,
Бесим Догани,
Тахир Хани,
Ристо Пенов,
Славица Грковска и
Кире Гештаковски.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4090/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

**2038.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал, (“Службен весник на Република Македонија” број 17/2006 и 107/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА СОВЕТОТ НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ**

I. За членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал се избираат:

а) за членови:
Оливер Шамбевски,
Ристанка Лалчевска,
Лилјана Поповска,
Веле Митаноски,
Марјан Додовски,
Гарип Каба,
Насер Ајдини,
Верица Филипова,
Хади Незири,
Цветанка Иванова,
Роза Топузова-Каревска,
Иван Стоилковиќ,
Рафис Алити и
Џеват Адеми.

б) за заменици на членовите:
Александар Спасеновски,
Дарко Димитриевски,
Анита Кипаризовска-Крстеска,
Мирјана Секуловска,
Валентина Божиновска,
Ружди Матоши,
Елмазе Селмани,
Ацо Киров,
Благородна Цветковска,
Марјанчо Николов,
Јован Манасијевски,
Неждет Мустафа,
Агрон Буџаку и
Азиз Положани.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4091/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**2039.**

Врз основа на член 11 од Законот за државната статистика (“Службен весник на Република Македонија” број 54/97), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 59/2003), во точка 2. под б) за членови наместо “Џеват Адеми, завршен факултет за новинарство од Тетово” треба да стои “Тефик Мемеди, завршен Педагошки факултет од Скопје” и наместо “Миле Јанакиевски, дипл. економист од Скопје” треба да стои “Благоја Маркоски, професор на Институтот за географија при ПМФ во Скопје”.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4092/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

**2040.**

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” број 63/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ЖАЛБИ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА**

I. Во Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката (“Службен весник на Република Македонија” број 2/2004 ), во точка И. под в) за членови наместо “Атанаско Тунески, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје” треба да стои “Јанко Јанчевски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје”.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4093/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

**2041.**

Врз основа на член 231 став 2 од Законот за хартии од вредност, (“Службен весник на Република Македонија” број 95/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ЖАЛБИ ОД ОБЛАСТА НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

I. За претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност се именуваат:

а) за претседател

Саша Фотевски, дипломиран економист.

б) за членови:

Сашко Самарџиоски, директор за економско-правни работи во Прилепска пиварница - АД,

Александра Максимовска Велјановски, асистент по финансии и финансово право на Правниот факултет во Скопје,

Виолета Лешкоска, главен ревизор во АД Македонска банка за поддршка на развојот - Скопје и

Блаже Србиновски, Генерален директор во АД за осигурување ТАБАК Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4094/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

**2042.**

Врз основа на член 86 став 3 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се определува надоместокот на трошоците на политичките партии, на две или повеќе политички партии (во натамошниот текст:организатори на изборната кампања), од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, и тоа на:

- Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ:

ВМРО-Демократска партија за Македонско национално единство,

Либерална партија на Македонија,

Социјалистичка партија на Македонија,

Демократски сојуз,

Партија за движење на Турците во Македонија,

Сојуз на Ромите од Македонија,

Странка за демократската акција на Македонија-СДА,

Партија на Власите од Македонија,

Европска партија на Македонија,

Партија на зелените,

Народно движење за Македонија,

Бошњачка демократска партија,

Партија на демократските сили на Ромите на Македонија и

Партија за интеграција на Ромите

304.572 X 15 денари =
4.568.580,00 денари;

- Коалицијата ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО

218.463 X 15 денари =
3.276.945,00 денари;

- Коалицијата Демократска унија за интеграција (ДУИ) и Партија за демократски просперитет (ПДП)

110.816 X 15 денари =
1.662.240,00 денари;

- Демократска партија на Албанците (ДПА)

69.595 X 15 денари =
1.043.925,00 денари;

- Нова социјалдемократска партија

52.249 X 15 денари =
783.735, 00 денари;

- ВМРО - Народна партија

54.381 X 15 денари =
815.715,00 денари;

- ДОМ - Демократска обнова на Македонија

6.800 X 15 денари =
102.000,00 денари и

- Партија за европска иднина - ПЕИ

6.459 X 15 денари =
96.885,00 денари.

Член 2

Надоместокот на трошоците од членот 1 на оваа одлука, на организаторите на изборната кампања ќе им се исплати од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеца по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4086/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

**2043.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 227 од Деловникот на Собранието на Република Македонија,Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ДЕЛЕГАЦИИ, ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2002 и 97/2006), во членот 2 став 1 по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

"- Делегација во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот).".

Член 2

Во членот 4 зборовите: "Делегацијата и двајца члена" се заменуваат со зборовите: "Делегацијата, двајца членови и тројца заменици членови".

Член 3

Во членот 5 став 1 зборот "четири" се заменува со зборот "пет".

Член 4

Во членот 6 зборовите: "шеф и двајца члена" се заменуваат со зборовите: "шеф, двајца членови и тројца заменици членови".

Член 5

Во членот 7 зборовите: "шеф и двајца члена" се заменуваат со зборовите: "шеф, двајца членови и тројца заменици членови".

Член 6

По членот 7-а, се додава нов член 7-б, кој гласи:

"Член 7-б

Делегацијата во Парламентарното собрание на Медитеранот се состои од шеф и двајца членови."

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4087/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2044.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.11.2006 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

1. За членови и нивни заменици на Работната група за децентрализација, се именуваат:

а) за членови:

– Дејан Пановски, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Виолета Атанасова, помошник раководител на Сектор во Министерството за правда;
- Магдалена Диковска, раководител на Сектор во Министерството за култура;
- Ангелина Бачановиќ, државен советник во Министерството за здравство;
- Валентина Старделова, раководител на одделение во Министерството за економија;
- Евица Димовска, државен советник во Секретаријатот за законодавство;
- Перо Стојановски, од Министерството за образование и наука;
- Шериф Мемети, раководител на Сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Јулијана Илиевска, соработник во Секретаријатот за европски прашања;
- Надица Јосифова, виш советник во Министерството за внатрешни работи;
- Димитар Тодевски, државен советник во Министерството за финансии;
- Елена Петкановска, раководител на Сектор во Министерството за локална самоуправа;
- Софија Спасовска, помошник раководител на Сектор во Министерството за труд и социјална политика;
- Љиљана Поповиќ, раководител на одделение во Министерството за транспорт и врски;
- Славко Спасевски, раководител на одделение во Дирекцијата за заштита и спасување;
- Агим Махмути, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Сектор за имплементација на Рамковниот договор;

б) за заменици на членовите:

- Аријета Џемаили, советник во Министерството за образование и наука;
- Јадранка Иванова, раководител на Сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Јонче Цветковски, раководител на одделение во Министерството за правда;
- Весна Илиевска, помошник раководител на Сектор во Министерството за култура;
- Никица Панова, помошник раководител на Сектор во Министерството за здравство;
- Димитар Димитровски, раководител на Сектор во Министерството за економија;
- Љиљана Митевска, државен советник во Секретаријатот за законодавство;
- Мери Хаџиева Протиќ, раководител на Сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Весна Исајловска Наумовска, виш советник во Министерството за внатрешни работи;
- Светлана Јаневска, државен советник во Министерството за финансии;
- Рахим Муслиу, советник во Министерството за локална самоуправа;
- Владо Аврамовски, државен советник во Министерството за труд и социјална политика;
- Веса Тончевска, советник во Министерството за транспорт и врски;
- Благоја Ташевски, советник во Дирекција за заштита и спасување;
- Блерта Камбери, советник во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Сектор за имплементација на Рамковниот договор.

2. Со именувањето на членовите и нивните заменици на Работната група на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-5427/1
8 ноември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**2045.**

Врз основа на член 136 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01, 5/03 и 58/06), министерот за одбрана донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ОВЛАСТЕНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот и начинот на издавањето на легитимацијата на овластените службени лица на Министерството за одбрана кои вршат работи во областа на разузнавањето, контраразузнавањето и спречувањето и откривањето на кривичните дела (во натамошниот текст: легитимација).

Член 2

Легитимацијата се издава на лицата од Министерството за одбрана кои вршат работи во областа на разузнавањето, контраразузнавањето и спречувањето и откривањето на кривичните дела, во својство на овластени службени лица на Воената служба за безбедност и разузнавање и Воената полиција.

Легитимација на лицата од став 1 на овој член, по распоредувањето на работно место за кое е предвидено издавањето на легитимацијата, се издава од раководителот на Воената служба за безбедност и разузнавање.

Член 3

Образецот на легитимацијата на овластените службени лица на Воената служба за безбедност и разузнавање се печати на бел картон со димензии 60х95 мм, со отпечатен заштитен знак на Министерството за одбрана на средишниот дел на двете страни.

Предната страна на образецот на легитимацијата во горниот дел содржи натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА“ и „ЛЕГИТИМАЦИЈА“, во средината место за фотографија со димензии 25х30 мм, а под неа место за впишување на податоци за името и презимето на овластеното службено лице, место за потпис на раководителот на Воената служба за безбедност и разузнавање и место за печат, а во долниот дел е отпечатен регистарскиот број на легитимацијата.

На горниот дел на задната страна на образецот е отпечатен симбол на Воената служба за безбедност и разузнавање, под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на овластеното службено лице, неговото живеалиште, датумот на издавањето на легитимацијата, единствениот матичен број на граѓанинот, регистарскиот број и крвната група на овластеното службено лице.

Заштитната облога на легитимацијата е изработена од кожа во црна боја, во три дела кои меѓусебно се поврзани и се преклопуваат, со димензии 75х315 мм.

На горниот дел од внатрешната долна страна од заштитната облога на легитимацијата на овластените службени лица на Воената служба за безбедност и разузнавање, се наоѓа метална плочка со натпис „ВОЕНА СЛУЖБА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И РАЗУЗНАВАЊЕ“ со димензии 55х15 мм, а под него метална релјефна значка во форма на штит со ловоров венец, која во горниот дел содржи регистарски број, истоветен со регистарскиот број на легитимацијата. Регистарскиот број ја означува припадноста на овластените службени лица кои ги вршат работите на разузнавањето, контраразузнавањето и спречувањето и откривањето на кривичните дела. Значката во основата го содржи знамето на Република Македонија, во средишниот дел е прикажана географската карта на Република Македонија во сина боја, а врз неа симбол на птица- сокол во жолта боја. Во долниот дел на амблемот е прикажан круг со ловоров венец и ознака „МО“.

Образецот на легитимацијата од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Прилог бр.1).

Втората внатрешна страница на заштитната облога е изработена во два дела, од кои предниот дел е изработен од прозирна пластична фолија обрабена со кожа и претставува простор во кој се сместува образецот на легитимацијата.

Член 4

Образецот на легитимацијата на овластените службени лица на Воената полиција се печати на бел картон со димензии 60х95 мм, со отпечатен заштитен знак на Министерството за одбрана на средишниот дел на двете страни.

Предната страна на образецот на легитимацијата, во горниот дел на содржи натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА“ и “ЛЕГИТИМАЦИЈА“, во средината место за фотографија со димензии 25х30 мм, а под неа место за впишување на податоци за името и презимето на овластеното службено лице, место за потпис на раководителот на Воената служба за безбедност и разузнавање и место за печат, а во долниот дел е отпечатен регистарскиот број на легитимацијата.

На горниот дел на задната страна на образецот е отпечатен симбол на Република Македонија, под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на овластеното службено лице, неговото живеалиште, датумот на издавањето на легитимацијата, регистарскиот број и крвната група на овластеното службено лице.

Заштитната облога на легитимацијата е изработена од кожа во црна боја, во три дела кои меѓусебно се поврзани и се преклопуваат, со димензии 70х310 мм.

На внатрешната долна страна од заштитната облога на легитимацијата на овластените службени лица на Воената полиција, се наоѓа метална релјефна значка во форма на штит со ловоров венец во боја на злато, која во горниот дел содржи регистарски број, истоветен со регистарскиот број на легитимацијата. Регистарскиот број ја означува припадноста на овластените службени лица кои ги вршат работите на спречување и откривање на кривичните дела.Значката во основа го содржи знамето на Република Македонија во чиј средишен дел во овална форма на сина основа е содржан натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА“ и “ВОЕНА ПОЛИЦИЈА“.

Образецот на легитимацијата од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Прилог бр.2).

Втората внатрешна страница на заштитната облога е изработена во два дела, од кои предниот дел е изработен од прозирна пластична фолија обрабена со кожа и претставува простор во кој се сместува образецот на легитимацијата.

Член 5

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има статус на овластено службено лице.

По престанокот на статусот на овластено службено лице, легитимацијата се враќа.

Член 6

Легитимацијата не се изнесува надвор од територијата на Република Македонија.

Член 7

Во случај на губење на легитимацијата, овластеното службено лице ја огласува за неважечка на сопствен трошок и за тоа го известува раководителот на Воената служба за безбедност и разузнавање.

Во случај од став 1 на овој член на овластеното службено лице му се издава нова легитимација.

Член 8

Легитимацијата се заменува со нова кога поради дотраеност или оштетување ќе стане неупотреблива или кога имателот на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

Член 9

Легитимацијата што се враќа или заменува се поништува.

Член 10

Издадените легитимации на овластените службени лица се евидентираат во Министерството за одбрана.

Редниот број од евиденцијата под која е извршен упис на податоците се впишува во легитимацијата, како регистарски број.

Член 11

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот за легитимациите на овластените службени лица на органите за безбедност и Воената полиција во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/93).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-5489/1
9 ноември 2006 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Лазар Еленовски,** с.р.

Прилог бр. 1




Прилог бр. 2




## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2046.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 од 23.05.2006 година), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 13.11.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 23,385 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 23,246 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 23,671 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 27,005 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 27,776 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 15,267 |
| - М-2 | до 15,243 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А.Највисоките малопродажни цени ( 1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 61,50 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 58,00 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 58,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 51,00 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 41,00 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 18,664 |
| - М-2 | до 18,636 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 61,00 | 60,50 | 60,00 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 57,50 | 57,00 | 56,50 |
| БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 58,00 | 57,50 | 57,00 |
| Д - ДИЗЕЛ | 50,50 | 50,00 | 49,50 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | 40,50 | 40,00 | 39,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2 , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 0,150 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 0,080 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | 0,050 |
| - М-2 | 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 24,884 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 22,127 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 22,125 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 12,485 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 3,230 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | 0,100 |
| - М-2 | 0,100 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ- 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д - ДИЗЕЛ | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 1 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 14.11.2006 година.

Бр. 02-1657/1
13 ноември 2006 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**
**Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.**

**www.slvesnik.com.mk**
**contact@slvesnik.com.mk**

ISSN 0354-1622
2006117